ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Адреса: "Маршал Тито" ББ, 2301 Облешево, Ж.с/ка: 772014046063012;
ЕДБ:4013005120852; Телефони/факс: (033) 351-770, 351-930
web: www.cesinovo-oblesevo.gov.mk; e-mail: cesinovo-oblesevo@t.mk

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
Бр. 03-1361/1
06.07 2026 год.
ОБЛЕШЕВО

ОРГАНИЗАЦИОНЕН ОДБОР ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИСИ 2026

ОБЈАВУВА
ЈАВНА ЛИЦИТАЦИЈА

За јавно наддавање под закуп на земјиште за локација на шанк до фудбалското игралиште во с.Чешиново, сопственост на Општина Чешиново-Облешево

На ден 09.07.2026 година (четврток) со почеток во 12:00 часот во просториите на општина Чешиново – Облешево ќе се одржи Јавно наддавање – лицитација за издавање под закуп на земјиште за локација на шанк до фудбалското игралиште во с.Чешиново во сопственост на општина Чешиново –Облешево.

1. **Земјиште (покрај фудбалското игралиште во с.Чешиново) за локација на Шанк за продажба на пијалоци, за време на одржувањето на Илинденските Спортски Игри – Чешиново 2026 и тоа во период од 11.07.2026 - 02.08.2026 година.**

Почетна цена од 12.000,00 денари.

Било какви трајни вложувања за просторот не се признаваат.

На јавното наддавање можат да учествуваат сите заинтресирани правни и физички лица.

Јавното наддавање ќе се одржи доколку на наддавањето се јави и само 1(едно) заинтресирано лице.

Заинтресираните лица како гаранција за учество на јавното наддавање полагаат депозит во висина од почетната цена утврдена на наддавањето.

Доколку најповолниот понудувач не склучи Договор со општината, капарот му се задржува.

Пред почетокот на наддавањето Комисијата ќе ги соопшти правилата на наддавањето.

Општина Чешиново - Облешево
Организационен одбор за
спроведување на ИСИ 2026